KOMUNA E ÇAIRIT | ОПШТИНА ЧАИР

KRYETARI I KOMUNËS - ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНАТА

Bul. Hristijan T. Karposh Nr. 5 | Бул. Христијан Т. Карпош бр. 5
Tel: 02/2603-019 | faks: 02/2616-867
info@cair.gov.mk | www.cair.gov.mk

Nr. / Бр. 09- 203 prej / од 28.01.2015 година

30.01.2015
15 214/1
Архивски знак
Рок на чување
20 год
Потпис.

До
Државен завод за ревизија
Ул. "Македонија" 12/3 - Скопје

**Предмет: Забелешки по Нацрт извештај**

Почитувана г. Тања Таневска,

Согласно член 30 став 2 од Законот за Државна ревизија ("Службен весник на РМ" број 66/2010, 145/2010, 12/2014 и 43/2014) Општина Чаир ви ги доставува забелешките на Нацрт-извештајот од ДЗР број 32-230/4 од 29.12.2014 :

1. **Наод ДЗР (стр. 15) :** Во Општина Чаир, во јуни 2014 година донесени се интерни акти – процедури за финансиско управување и контрола, и тоа: процедура за движење на финансиската документација и безготовинско плаќање, за материјално работење, за готовинско плаќање, упатство за попис и процедура за процесот на јавни набавки, а за останатите активности и процеси, во секторите и одделенијата од различните области на делување на општината, не се донесени процедури со што не е постапено согласно Стандард 12 - Процедури.

   **Забелешка Општина Чаир :** Ве молиме во овој наод да ги наведете кои се останатите активности и процеси, во секторите и одделенијата од различните области на делување на општината за кои не се донесени процедури со што не е постапено согласно Стандард 12 – Процедури Ние сме на мислење дека за сите позначајни активности и процеси донесени се процедури согласно Стандард 12 – Процедури.

2. **Наод ДЗР (стр. 16) :** Во досегашниот период не е назначено лице за неправилности, поради што согласно член 5 став 4 од Уредбата, градоначалникот се смета за лице задолжено за неправилности.

   **Забелешка Општина Чаир :** Во Општина Чаир има назначено лице за неправилности со Решение број 08-1577 од 21.10.2010 година. Копија од Решението ви се доставува во прилог на овој документ.

3. **Наод ДЗР (стр. 20) :** Општината нема пропишана стратегија за развој на ИТ системот за општината, како ни политики и процедури за користење на ресурсите од ИТ.

   **Забелешка Општина Чаир :** Во Општина Чаир има Стратегија за развој на ИТ системот под архивски број 08-231/3 од 30.04.2012. Копија од стратегијата ви се доставува во прилог на овој документ.

4. **Наод ДЗР (стр. 20) :** Нема воспоставен централизиран информационен систем кој ќе гарантира безбеден и авторизиран пристап на корисниците до ресурсите во ИТ системот.

   **Забелешка Општина Чаир :** Воспоставен е централизиран информационен систем кој ќе гарантира безбеден и авторизиран пристап на корисниците до ресурсите во ИТ системот. Општина Чаир има инсталиран централизиран систем кој се состои од: Windows 2008 R2 сервер со инсталирано Active Directory услуга и DNS услуга како и услуга за автоматизација на backup протокол која се врши на одредени партиции кај персоналните компјутери на вработените во Општина Чаир. Доказ за воспоставен централизиран информационен систем (слика од print screen) ви се доставува во прилог на овој документ.

5. **Наод ДЗР (стр. 20) :** Од страна на раководството на субјектот не се преземаат соодветни мерки и активности за постапување по дадените препораки од извршените ревизии од ДЗР.

   **Забелешка Општина Чаир :** Ние сме на мислење дека општината ги има преземено сите мерки со цел отстранување на сите пропусти утврдени со наодите од претходните извештаи на ДЗР. Ние постапуваме многу сериозно кон сите препораки од Извештаите на ДЗР, затоа што со тоа го подобруваме нашето работење. Во прилог на ова, ние заедно со Забелешките по Нацрт извештајот ви испраќаме и **Известување бр. 09-209/2 од 28.01.2015** за преземање на мерки и активности за отстранување на пропустите утврдени со овој Нацрт извештај каде може да се види нашата посветеност кон спроведување на препораките од Извештаите на ДЗР.

6. **Наод ДЗР (стр. 25) :** Во сметководствената евиденција, приложена е финансиска документација за набавка на стоки, услуги или работи, која не е комплетна со потребната пропратна документација. Дел од наведените документи се обезбедени и дадени на увид во текот на ревизијата.

   **Забелешка Општина Чаир :** Ве молиме во овој наод да се допрецизира делот од пропратната документација која е некомплетна. Ние сме на мислење дека целокупната документација за набавка на стоки, услуги и работи е коплетна и пропратена со соодветна документација.

7. **Наод ДЗР (стр. 25) :** Кај одделни набавки на материјали и услуги изготвени се известувања во вид на нарачки кои не се одобрени од секретарот и градоначалникот, а за дел од набавките на работи доставени се градежни дневници и градежни книги, кои не се пополнети и не ги содржат податоците согласно законските прописи.

   **Забелешка Општина Чаир :** Не сме на мислење дека во Општина Чаир градежите книги и дневници се пополнуваат согласно "Правилник за формата, содржината и начинот на водење на грдежен дневик и градежна книга" Сл. Весник бр. 26/2011.

8. **Наод ДЗР (стр. 27) :** Основните средства со кои располага општината не се обележани со инвентарни броеви и истите не може да се идентификуваат врз основа на книгата на основни средства.

   **Забелешка Општина Чаир :** Во 2014 година основните средстав се обележани со инвентарни броеви. Тоа е направено со вонредниот Попис од 2014 година.

Изготвил :
Раководител на секторот
за внатрешна ревизија
Африм Усеини

Kryetari i Komunës së Çairit
Izet Mexhiti